# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО ПРИ

## СОУУД „ДИМИТАР  ВЛАХОВ“ – Струмица

# РАЗВОЕН ПЛАН НА УЧИЛИШТЕТО

**ЗА ПЕРИОД 2025-2029  ГОДИНА**

**Август      2025 година**

# ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| УЧИЛИШТЕ | СОУУД„Димитар Влахов“-Струмица |
| Адреса | Ул. „Гоце Делчев „ бр.17 |
| Контакт податоци<br>(тел, факс, е-маил) | dimitarvlahov@t.mk<br>034345298 |
| Период кој го опфаќа развојнот план на училиштето | Август 2025 - Август 2029 година |
| Број на ученици во училиштето | 840 |
| Број на подрачни училишта | нема |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Јасминка Цабулева |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од Училишен одбор** | |
| Име и презиме | Томе Тимов |
| Потпис | |
| Датум | |

# Податоци за идентификација на училиштето

ИМЕ НА УЧИЛИШТЕТО

**СОУУД„ ДИМИТАР ВЛАХОВ“ - Струмица**

**Ул„Гоце Делчев „ бр.17**

**Тел. Факс.**

**E-mail**

**Дејност на училиштето**

Основна дејност на училиштето е воспитно - образовната работа која се остварува низ програмите за стручно образование и тоа:

**Струка:** **Земјоделство, рибарство и ветеринарство**
Образовни профили: Техничар за фитомедицина
Техничар за ветеринарна медицина / Техничар за агроменаџмент
Агротехничар

**Струка:** **Хемија и технологија**
Образовен профил : Хемиско лабараториски техничар / Прехранбен техничар
Техничар за козметички и хемиски производи
Образовен профил: Пекар ( тригодишно стручно)

**Струка :** **Здравство и социјална заштита**
Образовен профил: Фармацевтско – лабораториски техничар
Медицинска сестра
Физеотарапевтски техничар

**Струка :** **Угостителско – туристичка**
Образовен профил: Угостителски техничар ( четиригодишно)
Готвач ( тригодишно)

## 2.3 Човечки ресурси

***вработени во СОУУД“Димитар Влахов”***

| Вкупнонаставен кадар | Наставници кои дополнуваат во други училишта | Наставници кои дополнуват од други училишта | Наставници од матично училиште | Наставници на неопределено работно време | Наставници на определено работно време |
|---|---|---|---|---|---|
| **69** | **1** | **4** | **66** | **55** | **10** |

***Раководен кадар,Стручна служба и административно технички сектор:***

| | Број на извршители |
|---|---|
| Директор | 1 |
| Помошник Директор | 1 |
| Домаќин | 1 |
| Секретар | 1 |
| Благајник | 1 |
| Стручен соработник | 7 |
| Хаус мајстор | 1 |
| Ложач | 1 |
| Чувар | 1 |
| Одржувачи на хигиена | 4 |
| **Етничка припадност на вработените** | Број на извршители |
| Македонци | 95 |
| Други | / |
| **Степен на образование на вработените** | Број на извршители |
| Високо образование | 83 |
| Вишо образование | 2 |
| Средно образование | 7 |
| Основно образование | 3 |
| **Староснa структура на вработените** | Број на извршители |
| Од 20-30 години | 3 |
| Од 31-40 години | 28 |
| Од 41-50 години | 14 |
| Од 51-пензија | 50 |

## Развоен пат на училиштето

# 1.1 Историски развој на училиштето

Училиштето “Димитар Влахов” е основано како земјоделско училиште на 28.09.1946 година со решение на Владата на Народна Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 29 стр.318), а врз основа на предлог на Министерството за земјоделие и шумарство за образување на кадри за источниот дел од Р.Македонија.

Училиштето свечено е отворено на 3-ти ноември 1946 год. со претставници на тогашната Народна власт од Месниот, Градскиот и Окружниот Народен одбор и други. Првите работни денови училиштето ги започнува на 6 ноември 1946 година со 42 ученика. За шест деценискиот период од постоењето на земјоделската струка во училиштето се едуцирани кадри за: градинар, лозар-овоштар, градинар-цвеќар, поледелец, земјоделски техничар, хидро-мелеоративен техничар и техничар за фармерско производство.

Дејноста на училиштето се проширува во 1979 година со воведување на прехранбената струка со занимањата: стручен работник за преработка на зеленчук и овошје, како и стручен работник за алкохолни и безалкохолни пијалоци (решение број 09-15303/1-78

од 11.06.1979 год.). Од 1993 година со решение број 11-2043/1 од 09.04.1993 започнува и образованието на прехранбените техничари. Во 1996 год. започнува и образованието за образовните профили: преработувач на овошје и зеленчук, преработувач на жито, брашно и шеќер и преработувач на месо и млеко (верифицирани со решение број 11-2054/4 од 07.06.1996 год.).

Од 30.04.2015 година училиште го промени називот во СОУУД„ Димитар Влахов“( средно општинско училиште со ученички дом“).

Во 1982 год. во училиштето е запишана првата генерација ученици во биолошко-хемиската насока. Образованието за овие ученици, само во првите две години е организирано во училиштето, а потоа во третата и четвртата година тие мораат да се школуваат во медицинските училишта во Штип и Скопје.

Од 2004 до 2006 година во училиштето се воведува здравствената струка со образовните профили: фармацевтско лабораториски техничар (2004), медицинска сестра (2005) и физиотерапевтски техничар (2006).

Во 2013 год. во училиштето се воведе нов образовен профил во земјоделско-ветеринарната струка –Техничар за агро менаџмент.

Во учебната 2017/2018 година се воведе нов образовен профил во хемиско-технолошката струка – Пекар со тригодишно стручно образование.

Од 06.03.2006 година  со решение бр. Срег. 40/06 училиштето е регистрирано како СОУ “Димитар Влахов” Струмица.

Од 2010 година училиштето е доградено и во употреба се пуштени уште три простории од 220 $m^2$, две училници и еден кабинет, со што условите за следење на наставата се подобруваат.

Во 2013 година во употреба се пушти и новата спортска сала како посебен објект во училишниот двор,а во тек е изградба и на нова наставничка канцеларија и 2 нови училници.

Во 2019 година, училиштето почнува да работи по нови реформирани, модуларни наставни планови и програми. Се воведуваат нови образовни профили и струки. Во струката, земјоделство, рибарство и ветринарство се воведе образовниот профил, техничар по ветринарна медицина. Во струката хемија и технологија се воведе образовниот профил, техничар за козметички и хемиски производи. Се воведе нова струка  угостителско – туристичка, со образовнаиот профил, келнер / готвач ( тригодишно), а од учебната 2025/2026 година се воведе и образовниот профил угостителски техничар ( четиригодишно).



## Цели на СОУУД„Димитар Влахов“-Струмица

***Основна цел на развојниот план 2025–2029 година***

Да се обезбеди континуиран и одржлив развој на училиштето преку унапредување на квалитетот на стручното образование, подобрување на условите за учење и работа, јакнење на стручните капацитети и зголемување на соработката со бизнис-секторот и заедницата, со цел подготвување на компетентни, одговорни и конкурентни ученици на пазарот на трудот и во понатамошното образование.

***Цели што произлегуваат од основната цел***

### 1. Подигнување на квалитетот на наставниот процес

- Модернизација на наставните програми според барањата на пазарот на труд.
- Поттикнување на активни и интерактивни методи на настава.
- Примена на дигитални технологии и алатки во наставата.

### 2. Развој на стручните капацитети на наставниот кадар

- Обезбедување редовни обуки и стручни усовршувања.
- Поттикнување на учество во национални и меѓународни образовни проекти.
- Размена на добри практики и менторство внатре во училиштето.

### 3. Унапредување на инфраструктурата и материјално-техничката опременост

- Реновирање и опремување на работилници, лаборатории и училници.
- Обезбедување современи наставни помагала и опрема за практична настава.
- Подобрување на дигиталната инфраструктура.

### 4. Јакнење на врските со економскиот и социјалниот сектор

- Склучување договори за соработка со компании за практична настава и вработување.
- Организирање практикантска настава во реални работни услови.
- Вклучување на стручњаци од пракса во наставниот процес.

### 5. Поддршка и мотивирање на учениците

- Воведување програми за кариерно советување и личен развој.
- Поттикнување на активно учество на учениците во училишниот живот.
- Поддршка на ученици од ранливи категории преку менторство и стипендии.

# Мисија и визија на училиштето

## Мисија на училиштето

***Наша мисија е да создадеме генерации на стручни кадри кои ќе бидат флексибилни, технолошки писмени и со силен развиен критички ум, преку современи наставни методи, дуално образование, дигитализација, инклузивност и партнерство со стопанството.***



## Визија на училиштето

***Нашето училиште ќе биде иновативен и модерен центар на стручно образование кој активно ги следи светските трендови, обезбедувајќи знаење, вештини и компетенции кои ќе им овозможат на учениците целосна вработливост и/или континуирано образование на национално и меѓународно ниво.***

**Мисијата ќе се реализира преку:**

**Развој на стручни компетенции кај учениците**

- Обезбедување квалитетна теоретска и практична настава, усогласена со современите потреби на пазарот на труд.
- Вклучување на наставни програми кои овозможуваат стекнување на применливи знаења и вештини.

**Унапредување на технолошката писменост**

- Воведување и користење на современи дигитални алатки во наставата.
- Обезбедување континуирани обуки за учениците и наставниците во областа на ИКТ.

**Развивање на критичко и креативно мислење**

- Поттикнување на активни методи на учење (дискусии, проекти, дебати, истражувачки задачи).
- Поддршка на иновативни наставни практики кои ја стимулираат самостојноста и решавањето проблеми.

**Применување на современи наставни методи и модели на учење**

- Систематско интегрирање на проектна настава, интердисциплинарни пристапи и дигитални ресурси.
- Оспособување на наставниците за современи наставни стратегии.

**Развој и примена на дуално образование**

- Воспоставување соработка со компании и институции за практична обука.
- Обезбедување услови за учениците да стекнат практични искуства во реална работна средина.

**Поддршка на инклузивноста во образованието**

- Создавање услови за еднаков пристап и активно учество на сите ученици.
- Имплементација на индивидуализирани образовни планови за ученици со посебни образовни потреби.

**Развивање партнерство со стопанството и заедницата**

- Здружени иницијативи со компании, локална самоуправа и невладини организации.
- Организирање на практики, пракси, обуки и заеднички проекти.

**Континуирана дигитализација на образовниот процес**

- Примена на електронски дневници, е-учење и дигитални ресурси.

- Создавање дигитална инфраструктура која ќе овозможи иновативно и ефикасно образование.

Наша цел е училиштето да прерасне во безбедна, културна, креативна и еко средина во која учениците ќе доаѓаат со задоволство. Наставата во него да биде современа, ефикасна, квалитетна и прилагодена на потребите и интересите на учениците, наставниците и локалната средина. Учениците од различните струки и образовни профили да бидат доволно едуцирани и практично оспособени за да можат директно да се вклучат на пазарот на трудот или успешно да го продолжат своето образованието. За остварување на нашата визија, неопходно е воспоставување на вистински и цврсти релации со сите органи и тела во училиштето а во исто време и со стопанството. Сакаме училиштето да биде безбедна, дисциплинирана и креативна средина во која учениците ќе доаѓаат со задоволство. Наставата во него да биде современа, ефикасна, квалитетна и прилагодена на потребите и интересите на учениците, наставниците и локалната средина и стопанството.

**Резултати од самоевалуцијата во 2025 година**

Во периодот од март до август 2025 година се спроведе самоевалуација во Училиштето. Во самоевалуацијата учествуваа голем број вработени. Во текот на самоевалуацијата се направи увид во документите што ги поседува и користи Училиштето, се разговараше и се интервјуираа голем број ученици, нивните родители, сите наставници и останатите вклучени страни во работата на Училиштето. По деталната анализа на добиените резултати се согледаа нашите силни страни и нашите слаби страни. На состаноците на стручните активи, од заедничката дискусија на наставниците, беа утврдени следните приоритети, по подрачја / области, за подобрување во наредниот период:

Самоевалуацијата претставува суштински процес за унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа и носење аргументирани одлуки за стратешки развој на училиштето. Процесот е спроведен во согласност со Националните стандарди за самоевалуација, преку анализи, анкетирања, интервјуа и дискусии со сите релевантни чинители: наставници, ученици, родители и стручна служба.

Оценувањето е направено по следните **седум области**, при што за секоја се изготви детален извештај:

## Област 1: Наставни планови и програми

Во оваа област се оценува усогласеноста и ажурираноста на наставните планови и програми со потребите на пазарот на трудот и современите образовни текови.
**Резултати:** Наставните програми во најголем дел се усогласени со националните стандарди, но е идентификувана потреба од поголема флексибилност и интегрирање на интердисциплинарни содржини и практична настава, особено во техничките струки. Потребна е поголема соработка со локалното стопанство при дизајнирање на изборни предмети.

## Област 2: Постигања на учениците

Се оценува напредокот и успехот на учениците, резултатите од државни и интерни тестирања, како и учеството на учениците во натпревари.
**Резултати:** Генерално, учениците постигнуваат солидни резултати, особено во стручните предмети. Меѓутоа, се забележува потреба од дополнителна поддршка во основните предмети (математика, македонски јазик) и поголема мотивација за учество во надворешни

активности и проекти.

## Област 3: Настава и учење

Оценката се однесува на методите на работа, интерактивноста, користењето на ИКТ, индивидуализираниот пристап и иновативноста во наставата.
**Резултати:** Дел од наставниците применуваат современи наставни методи, но постои простор за подобрување на интерактивноста и употребата на дигитални алатки. Потребна е поддршка и обуки за користење на онлајн платформи, проектна настава и учење базирано на проблеми.

## Област 4: Поддршка на учениците

Оценувањето овде опфаќа психолошка, педагошка и социјална поддршка, вклученост на стручната служба и системот за рана интервенција.
**Резултати:** Стручната служба функционира добро, но потребни се дополнителни ресурси и обука за работа со ученици со посебни потреби и ученици од ризични категории. Идентификуван е недостаток на програми за кариерно советување и ментално здравје.

## Област 5: Училишна клима и односи во училиштето

Се анализира квалитетот на комуникацијата, меѓучовечките односи, безбедноста и чувството на припадност.
**Резултати:** Климатските односи во училиштето се генерално позитивни. Наставниците и учениците имаат добра соработка, но постои потреба од активности за подобрување на ученичкото учество во одлуките и превенција на насилство. Неопходно е да се поттикнува поголема култура на почит, вклучување и емпатија.

## Област 6: Ресурси

Оценката се однесува на просторот, опремата, дидактичките материјали, ИКТ ресурси и финансиските средства.
**Резултати:** Училиштето располага со основни ресурси за реализација на наставата, но опремата во дел од кабинетите и лабораториите е застарена. Постои потреба од инвестиции во ИКТ инфраструктура, современи алати и модерни наставни средства.

## Област 7: Управување, раководење и креирање политики

Оценувањето опфаќа стратешкото планирање, транспарентноста, вклученоста на засегнатите страни и ефективноста на раководството.
**Резултати:** Раководството на училиштето покажува проактивен пристап во менаџирањето и креирањето политики, но е неопходна поголема вклученост на наставниците и учениците во процесот на донесување одлуки, како и подобрување на системот за интерна комуникација и следење на резултати.

## Заклучок од самоевалуацијата:

Самоевалуацијата укажа на јасни потенцијали и силни страни на училиштето, но и на неколку клучни области за подобрување. Резултатите ќе бидат вградени во Развојниот план, со цел обезбедување квалитетно стручно образование, усогласено со современите општествени и економски потреби.

# РАЗВОЕН ПЛАН НА УЧИЛИШТЕТО

## 1.СОРАБОТКА СО СТОПАНСКИ СУБЈЕКТИ (по струки)

Период: 2025 – 2029 година
Цел: Подобрување на практичната настава и вработливоста на учениците преку активна соработка со локалната економија и релевантни компании

| Активност | Целна група | Реализатор/и (одговорно лице) | Временска рамка | Потребни ресурси | Индикатори за успешност |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мапирање на локални и регионални стопански субјекти по струка** | Наставен кадар, стручни соработници | Директор, стручни наставници | 2025 | Време, податоци, човечки ресурси | Изработена база на минимум 30 релевантни компании по сите струки |
| **Склучување договори за практична настава и дуално образование** | Ученици од III и IV година | Координатори по струки, директор | 2025–2026 | Правна и административна поддршка | Потпишани договори со минимум:<br>• 5 ветеринарни/земјоделски компании<br>• 5 здравствени установи<br>• 5 хемиски/лаборатории<br>• 5 угостителски објекти |
| **Организација на практична настава на реално работно место (РРМ)** | Ученици III–IV година | Наставници ментори, компаниите | 2025–2029 | Транспорт, заштитна опрема, ментори | Над 70% од учениците реализираат практична настава на РРМ секоја година |
| **Гостински предавања од стручњаци од индустријата** | Ученици и наставници од сите струки | Наставнички совет, директор | 2x годишно (од 2026) | Надоместок за стручњаци, техничка опрема | Минимум 8 предавања годишно – по 2 за секоја струка |
| **Работилници/обуки во компании и професионални центри** | Ученици од IV година | Наставници, партнери-компании | 2026–2029 | Финансиски средства, партнерства | Спроведени 2 обуки годишно по струка |
| **Организација на заеднички проекти со компании** | Ученици и наставници | Наставници по практична настава | 2027–2029 | Материјали, опрема, ментори | Реализирани:<br>• агро проект<br>• здравствена кампања<br>• хемиска анализа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | • гастрономско случување |
| **Обуки за наставниците во компаниите** | Наставен кадар | Стручен актив, директор | 1x годишно | Финансии, контакти со компании | Обучени 100% од наставниците од практичните предмети во текот на планскиот период |
| **Организација на Саем на струките / Ден на кариера** | Компании, ученици, родители, јавност | Училише н тим за односи со јавноста | Годишно, од 2026 | Простор, промо материјали, учество на компании | Саемот станува традиција со учество на 20+ компании по издание |
| **Размена на ученици/стажир ање преку европски програми (Erasmus+)** | Избрани ученици од сите струки | Erasmus координа тор, наставниц и | 2025–2029 | Проектно финансирањ е, партнер училишта/ко мпании | Учествуваат 50+ ученици во меѓународни програми во планскиот период |
| **Евалуација на резултатите од соработката со стопанството** | Наставници, ученици, раководство | Училише н тим за квалитет | 2027 и 2029 (средина и крај) | Анкети, извештаи, алатки за евалуација | Анализиран напредок, прилагодени активности според потребите на пазарот на трудот |

**Забелешки по струки (пример за насочување на активностите):**

- **Земјоделско-ветеринарна струка:**
  – соработка со фарми, агрономски претпријатија, ветеринарни амбуланти, сточарски и земјоделски здруженија
  – учество во сезонски активности: жетва, берба, вакцинации, контроли на животни

- **Здравствена струка:**
  – соработка со ординации, лаборатории, аптекарски установи, ЦЈЗ, домови за стари лица
  – практична настава во соработка со медицински техничари и сестри

- **Хемиско-технолошка струка:**
  – лаборатории за анализа, индустриски постројки, прехранбена индустрија
  – работа на анализи на вода, храна, материјали

- **Угостителска струка:**
  – практична настава во хотели, ресторани, кафе-барови
  – вклучување во настани, дегустации, caterings, организирање свечености

## *2.УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР*

Период: 2025 – 2029 година
Цел: Континуирано професионално развивање и усовршување на наставниот кадар во согласност со струката, новите образовни стандарди и технолошки трендови

| **Активност** | **Целна група** | **Реализатор/и (одговорно лице)** | **Временска рамка** | **Потребни ресурси (материјални, човечки, финансиски)** | **Индикатори за успешност** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Идентификација на потребите за професионален развој** | Сите наставници | Педагошко-психолошка служба, директор | 2025 | Анкети, алатки за самоевалуација | Извештај за потребите, изработена годишна програма за усовршување |
| **Стручно усовршување преку обуки од МОН/ЦСОУ** | Стручен кадар од сите струки | Наставнички совет, директор | Континуирано (2025–2029) | Финансиска поддршка, слободни денови за присуство | Секој наставник посетил минимум 2 обуки годишно |
| **Практична обука во соработка со стопански субјекти (upskilling)** | Наставници по практична настава | Стручен актив, координатори по струки | 2026–2029 | Партнерства со компании, логистика, прилагоден распоред | 80% од наставниците во практични предмети реализирале практична обука |
| **Вклучување во национални и меѓународни проекти (Erasmus+, eTwinning итн.)** | Наставници и заинтересирани за иновации | Координатор за проекти | Годишно | Пријави, тренинзи, контакт со партнер училишта | Учествуваат минимум 15 наставници во проекти до 2029 година |
| **Интерно споделување знаења: „Наставник обучува наставник“** | Целиот наставен кадар | Наставнички совет | 1x семестрално | Презентации, опрема, организација | Организирани минимум 2 интерни сесии годишно |
| **Усовршување во дигитална писменост и примена на ИКТ** | Наставници од сите предмети | ИКТ координатор, надворешни обучувачи | 2025–2027 | Лиценцирани обуки, ИКТ опрема, дигитални алатки | 100% наставници обучени за користење на ИКТ во настава до 2027 година |
| **Менторство и поддршка за нововработени наставници** | Нови наставници | Искуствени наставници/ментори | Континуирано | Насоки, време за менторство, следење напредок | Секој нов наставник има назначен ментор и годишен план за адаптација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Учество на стручни конференции и симпозиуми** | Наставниц и по струки | Директор, наставнички совет | 1x годишно по наставник | Финансиски средства, патни трошоци, пријава | Минимум 10 учества годишно на стручни собири во државата или странство |
| **Евалуација на влијанието од обуките во наставната практика** | Сите наставници | Тим за квалитет | 1x годишно | Анкети, дискусии, евалуациски алатки | Изготвени извештаи за влијанието и прилагодени активности според резултатите |

***3. РАЗВОЈ НА ДИГИТАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ***

**Цел:** Подобрување на дигиталните вештини на наставниот кадар и учениците за ефективно користење на ИКТ во наставата и практичната работа

| Активност | Целна група | Реализатор/и (одговорно лице) | Временска рамка | Потребни ресурси (материјални, човечки, финансиски) | Индикатори за успешност |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изработка на стратегија за дигитален развој на училиштето** | Раководство, наставници | Тим за ИКТ, директор | 2025 | Човечки ресурси, консултации, техничка поддршка | Усвоена стратегија и акционен план |
| **Оценка на дигиталните вештини кај наставниците и учениците** | Наставен кадар, ученици | Тим за квалитет, ИКТ координатор | 2025 | Анкети, алатки за самоевалуација | Изготвен извештај за моменталната состојба по групи |
| **Обуки за наставници за користење на дигитални алатки и платформи** | Сите наставници | Надворешни обучувачи, ИКТ координатор | 2025–2027 | Финансиски средства, ИКТ опрема, простор | Секој наставник посетил минимум 2 ИКТ обуки до 2027 година |
| **Воведување на Google Workspace / Microsoft 365 во наставата** | Наставници, ученици | ИКТ координатор, наставници | Почнува од 2025 | Лиценци, техничка поддршка, ИКТ обука | Активно користење на платформи од 80% од наставниците и учениците |
| **Дигитализација на наставни материјали по струки** | Стручен наставен кадар | Стручни активи, ИКТ тим | 2025–2029 | Компјутери, софтвери, обука | 70% од предметите имаат достапни дигитални |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | материјали |
| **Воведување на интерактивни дигитални алатки (Quizziz, Kahoot, Canva…)** | Наставници и ученици | Наставнички совет, ИКТ тим | 2026–2029 | Обуки, ИКТ поддршка | 60% од наставниците користат дигитални алатки најмалку еднаш неделно |
| **Е-интеграција на практичната настава (видео упатства, симулации)** | Ученици, наставници по практика | Наставници по струка, ИКТ координатор | 2026–2029 | Видео опрема, апликации, интернет пристап | Изработени минимум 20 дигитални материјали/видеа за практична настава по струки |
| **Обука на ученици за безбедно и одговорно користење на интернет** | Ученици I–IV година | Психолог, наставници по информатика | Годишно | Обуки, дигитални ресурси, предавачи | 100% од учениците обучени за дигитална писменост и безбедност на интернет |
| **Учество на ученици и наставници во натпревари и проекти со ИКТ тематика** | Ученици, наставници | Наставници-ментори, координатор за проекти | Годишно (од 2026) | Поддршка, менторство, финансирање | Учество на минимум 5 натпревари или проекти годишно |
| **Обезбедување пристап до интернет и опрема за ученици со ограничени услови** | Ученици од социјално ранливи групи | Раководство, социјален работник | 2025–2029 | Донаторски програми, локални партнери, Министерство | Секој ученик има пристап до основни дигитални ресурси (компјутер/таблет и интернет) |

**Фокус по струки:**

- **Земјоделско-ветеринарна:** користење апликации за агрономија, дигитални дневници за здравје на животни
- **Здравствена:** симулациски програми, дигитална документација, електронски здравствени картони
- **Хемиско-технолошка:** дигитална анализа, виртуелни лаборатории, софтвери за формулирање и мерење
- **Угостителска:** рецепти преку апликации, дигитални менија, софтвери за управување со кујна/ресторан

## *4.ИНКЛУЗИВНО И ИНТЕРКУЛТУРНО ОБРАЗОВАНИЕ*

**Цел:** Поттикнување на еднаквост, почитување на различноста и вклученост на сите ученици во квалитетен и поддржувачки образовен процес

| Активност | Целна група | Реализатор/и (одговорно лице) | Временска рамка | Потребни ресурси (материјални, човечки, финансиски) | Индикатори за успешност |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изработка на училишна стратегија за инклузивно и интеркултурно образование** | Наставници, раководство | Тим за инклузија, педагог, психолог | 2025 | Стручна поддршка, документи, алатки за планирање | Усвоен стратешки документ и акциски план за периодот 2025–2029 |
| **Идентификација на ученици со образовни или социјални бариери** | Ученици од сите паралелки | Психолог, педагог, класни раководители | 2025 | Обрасци, анкети, соработка со родители | Изработени индивидуални планови за поддршка (ИОП) каде што е потребно |
| **Обука на наставници за работа со ученици со посебни образовни потреби (ПОП)** | Наставници | Надворешни обучувачи, ИОП тим | 2025–2027 | Обуки, стручна литература, поддршка од МОН/БРО | 100% од наставниците обучени за инклузивна пракса до 2027 година |
| **Интеркултурни работилници и активности** | Ученици, наставници | Наставнички совет, тим за културни активности | Континуирано | Материјали, простор, надворешни соработници | Реализирани минимум 3 интеркултурни активности годишно |
| **Вклучување на родители од различни етнички и социјални заедници** | Родители | Класни раководители, совет на родители | 1x семестрално | Трошоци за комуникација, превод (доколку е потребно) | Зголемено учество на родители во училишни настани (>50%) |
| **Одбележување на меѓународни денови (Толеранција, Меѓуетничка соработка и сл.)** | Целото училиште | Наставници, координатори за активности | Секоја година | Промотивни материјали, организација | Организирани најмалку 2 интеркултурни денови годишно |
| **Формирање „Инклузивен тим“ во училиштето (психолог,** | Наставен кадар, стручни служби | Директор, педагог, психолог | 2025 | Внатрешни човечки ресурси | Тимот редовно следи, евидентира и предлага поддршка за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **наставници, стручни соработници)** | | | | | ученици со потреби |
| **Партнерство со организации за поддршка на ранливи категории ученици** | Ученици со социјален ризик | Раководство, СОСУ, локални НВО | 2025–2029 | Меморандуми за соработка, логистичка поддршка | Воспоставена соработка со најмалку 3 релевантни организации |
| **Адаптација на наставни материјали и методи за ученици со ПОП** | Ученици со посебни потреби | Наставници, педагог, логопед (доколку има) | Континуирано | Поддршка од БРО/МОН, литература, време | Изработени адаптирани содржини за сите предмети каде што има потреба |
| **Мониторинг и евалуација на инклузивноста и интеркултурноста во училиштето** | Целото училиште | Тим за квалитет, психолог, педагог | 1x годишно | Анкети, извештаи, средби | Изготвени годишни извештаи со предлог мерки за унапредување |

**Примери на интеркултурни и инклузивни активности:**

- Заеднички проекти на ученици од различни етнички заедници
- Кулинарски денови на култури: секоја струка подготвува традиционално јадење од различна култура
- Меѓуетнички училишни тимови (спорт, музика, хемија и сл.)
- Раскажи ми приказна – размена на семејни или локални културни традиции
- Поддршка и туторство за ученици од социјално ранливи категории

## *5.РАЗВОЈ НА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО И ЛИДЕРСТВО*

**Цел:** Поттикнување на активно учество на учениците во училишниот живот, развој на лидерски вештини и демократска култура

| Активност | Целна група | Реализатор/и (одговорно лице) | Временска рамка | Потребни ресурси (материјални, човечки, финансиски) | Индикатори за успешност |
|---|---|---|---|---|---|
| **Формирање активен и функционален Ученички парламент** | Ученици од сите паралелки | Координатор за ученички парламент ( стручна служба) | Секој септември | Статут, простор за средби, време во распоредот | Избран претседател, тимови, редовни месечни состаноци |
| **Обука за** | Членови | Наставници- | 2025–2026 | Модератори, | Обучени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ученички лидерство и тимска работа** | на парламентот, активни ученици | ментори, надворешни обучувачи | | материјали, простор | минимум 30 ученици за лидерство и комуникација |
| **Вклучување на ученици во донесување одлуки (совети, комисии, планови)** | Ученици од сите години | Директор, наставнички совет | Од 2025 натаму | Процедури, транспарентност, консултации | Учениците имаат свои претставници во сите клучни училишни тела |
| **Организирање на ученички иницијативи и акции (еколошки, хуманитарни, спортски)** | Целото училиште | Парламент, наставници-ментори | 2x годишно | Финансиска и логистичка поддршка, партнерства | Реализирани минимум 2 иницијативи годишно со позитивен одѕив |
| **Програма „Ученик за еден ден директор/наставник“** | Избрани ученици | Раководство, координатор на активности | 1x годишно (од 2026) | Организација, промоција, симулации | Програмата успешно реализирана секоја година, со евалуација од учениците |
| **Воспоставување „ученички тутори“ за нови или ранливи ученици** | Ученици I година, ученици со потешкотии | Наставници-ментори,стручна служба | 2026–2029 | Кратка обука, координација, следење | Секој нов ученик има тутор, подобрена адаптација и вклученост |
| **Организирање на училишен младински форум** | Ученици, наставници, локални партнери | Ученички парламент, координатор | 1x годишно (од 2026) | Простор, материјали, гости | Секој форум вклучува 50+ учесници и резултира со заклучоци или иницијативи |
| **Поддршка за ученичко новинарство/медиум (билтен, блог, видео канал)** | Ученици заинтересирани за медиуми | Наставник ментор, ИКТ координатор | 2025–2029 | Камера, компјутери, платформи, дизајн алатки | Активно се објавува 1x месечно, со растечки број на следбеници/читатели |
| **Воспоставување награди за „Ученик лидер“ или „Ученик со придонес“** | Сите ученици | Наставници, парламент | 1x годишно | Сертификати, симболични награди | Доделени признанија за ангажираност и лидерство, охрабрен натпреварува |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | чки дух |
| **Евалуација на ученичкото учество и предлози за подобрување** | Ученици, наставници, раководство | Тим за квалитет, парламент | Секоја година | Анкети, средби, анализи | Годишен извештај и вклучување на ученичките предлози во идното планирање |

**Дополнително – потенцијал за вмрежување:**

- Соработка со младински организации и локални иницијативи
- Размена со други училишни парламенти (локални или преку Erasmus+)
- Учество на ученици во национални младински форуми, кампањи и хакатони

## 6.ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА БЕЗБЕДНА И ЕКОЛОШКИ ОДРЖЛИВА СРЕДИНА

Цел: Да се создаде функционална, безбедна и енергетски ефикасна училишна средина преку реконструкција и модернизација на основната инфраструктура (електрична, водоводна, подна и таванска), со цел унапредување на квалитетот на наставата, заштита на здравјето на учениците и наставниците, како и поддршка на принципите на еколошка одржливост.

| Приоритет | Активности | Цели | Временска рамка | Одговорни/Спроведувачи |
|---|---|---|---|---|
| **Подобрување и проширување на електричната инсталација** | - Изработка на проект за нова/дополнителна електрична инсталација | Обезбедување безбедна, стабилна и енергетски ефикасна електрична мрежа | 2025–2026 | Техничка служба |
| | - Поставување на нови електрични водови во училници, работилници и административен простор | | | Надворешни изведувачи (електричари) |
| | - Замена на дотраени инсталации заради безбедност | | | Општина |
| **Обнова и модернизација на водоводната** | - Инспекција и идентификација на оштетувања во | Подобрување на квалитетот на водоснабдување | 2025–2027 | Техничка служба |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **мрежа** | постоечката мрежа | и превенција од загуби и хаварии | | |
| | - Замена на застарени цевки и славини | | | Надворешни водоинсталатери |
| | - Поставување нови водоводни линии каде е потребно | | | Општина |
| **Замена на подови во училници, ходници и работилници** | - Отстранување на дотраени или оштетени подни облоги | Подобрување на хигиената, безбедноста и естетиката во внатрешниот простор | 2026–2028 | Директор |
| | - Поставување нови, издржливи и лесни за одржување материјали (линолеум, ламинат, плочки и сл.) | | | Техничка служба |
| | | | | Градежна фирма |
| **Реконструкција на плафони** | - Замена на оштетени или небезбедни делови | Подобрување на микроклимата и изгледот на училишните простории | 2026–2029 | Техничка служба |
| | - Поставување на плафони со звучна и термичка изолација | | | Градежна фирма |
| | - Оптимизација на осветлување | | | Надзорен орган |
| **Обезбедување на финансиски средства преку проекти и партнерства** | - Изработка на апликации до национални и меѓународни фондови | Обезбедување одржливи извори за финансирање на инфраструктурните зафати | Континуирано (2025–2029) | Директор |
| | - Соработка со општината и приватни донатори | | | Тим за развој и проекти |
| | | | | Општина |

Координатор: Ристенка Костова – педагог

Директор
Јасминка Цамбулева